Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто седумдесет и првата седница на Владата на Република Македонија,одржана на 16 и 18 декември 2019 година

Скопје, декември 2019 година

# З А П И С Н И К
## од Сто седумдесет и првата седница на Владата на Република Македонија,одржана на 16 и 18 декември 2019 година

Седницата на Владата се водеше во два дела.

**Првиот дел од Седницата, што се одржа на 16 декември 2019 година, во Куманово, започна во 19.10 часот.**

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, како и Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово, д-р Љупчо Бојаџиев, градоначалник на Општина Кратово, Борјанчо Мицевски, градоначалник на Општина Крива Паланка, Жаклина Јовановска, градоначалник на Општина Старо Нагоричане, Ивица Тошевски, градоначалник на Општина Ранковце и Еркан Арифи, градоначалник на Општина Липково.

Од седницата отсуствуваше, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Хусни Исмаили, министер за култура, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и м-р Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

Овој дел од Седницата заврши во 3.50 часот.

*

*       *

Вториот дел од Седницата, што се одржа на 18 декември 2019 година, започна во 14.50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска и членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, како и

генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Хусни Исмаили, министер за култура, и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, м-р Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

# ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 170 - та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 декември 2019 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Статус на реализација на приоритетите на Република Северна Македонија за влез во НАТО

## А. материјали за кои се води расправа и се дискутира

### а) гости

1. Информација за состојбите и извршените посети во општините Куманово, Крива Паланка, Кратово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане

2. Информација со предлог - одлуки за давање во сопственост и за давање на трајно користење на недвижни ствари на општини во Република Северна Македонија

3. Предлог - одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 16 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и предлог - одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност

4. Одлука за зголемување и утврдување на висината на вредноста на бодот (коефициентот) за пресметување на платите на вработените во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година

5. Информација во врска со инспекцискиот надзор во подружниците на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ кои имаат склучено договори за присилна концесија на дивечот

6. Одлука за изменување на Одлуката за определување на висината на надоместоците во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со Предлог-одлука

7. Информација за остварување на обврска од страна на Владата на Република Северна Македонија кон Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен “- Скопје по основ на Договори за управување со државни ловишта „Јасен” и „Јасен I”, со Известување

8. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за давање право на трајно користење на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на Министерството за труд и социјална политика бр. 41-7291/1 од 16.10.2013 година

9. Предлог-одлука за престанок и давање на времено користење на недвижна ствар на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија

10. Информација за склучување на договор за финансиска поддршка со Друштвото за компјутерско програмирање, информатичка технологија и услуги Скеил фокус ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

11. Информација за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање, со предлог – одлуки

12. Информација за Правилник за методи на земање на примероци за вршење анализа за целите на официјална контрола на количините на ерука киселина во храната, со Предлог-одлука

13. Информација за Правилник за начинот на вршењето на официјалната контрола на забраната за производство, ставање во промет, увоз во Република Северна Македонија, на храна и производи од храна кои содржат генетски модифицирани организми или се составени од генетски модифицирани организми

14. Информација за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на вршење на официјалните контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето, со Предлог-одлука

15. Информација за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло, со Предлог-одлука

16. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање и начинот на работење на Национален совет за безбедност на храна и храна за животни

17. Информација за изготвување „Регистар на програми“ во рамки на програмата „Фонд за млади умови“

18. Информација за состојбата со човечки ресурси во Државниот санитарен и здравствен инспекторат

19. Информација за извршените инспекциски надзори за безбедноста на детските играчки кои се пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за трет квартал од 2019 година

20. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за потврдување на Спогодбата за присоединување ОДУ.бр.722/19 од 4.11.2019 година и потврдување на Планот за поделба ОДУ.бр.721/19 од 4.11.2019 година помеѓу Јавното претпријатие колекторски систем Скопје и МЈП Проаква Струга (Ре Колектор Струга)

21. Барање за финансирање на проектот „Изградба на дел од инфраструктура во центар за параглајдинг во Крушево", со Акциски план

22. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кисела Вода

**б) економски систем и тековна економска политика**

23. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем

24. Предлог-закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, по скратена постапка

25. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем

26. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка

27. Предлог-закон за изменување на Законот за жичари и ски-лифтови

28. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронска трговија

29. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања

30. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка

31. Предлог-закон за изменување на Законот за административните такси

32. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси

33. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот

34. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување

35. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика

36. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавен долг

37. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка

38. Предлог-закон за изменување на Законот стоковните резерви

39. Предлог-закон за изменување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати

40. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

41. Предлог-закон за изменување на Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

42. Предлог-закон за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри

43. Предлог-закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост

44. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите

45. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните

46. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животни

47. Предлог - стратегија за производство на тутун за период 2020-2026 година, со Акционен план

48. Предлог - програма за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година

49. Информација за донесување на Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, со Предлог – уредба

50. Информација за спроведени постапки за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со предлог – одлуки

51. Информација во врска со спроведување на постапки за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовни зони, со предлог – одлуки

52. Информација за давање на одобрение за спроведување на постапка за повеќегодишна јавна набавка за реализација на активноста за „Градежни работи за изградба на пат, цевковод и пречистителна станица за вода за пиење во Општина Карбинци“ и одобрение за спроведување на постапка за повеќегодишна јавна набавка за реализација на активноста за „Адаптација на постоечка филтер станица во Штип“ во рамки на активностите за финализирање на I фаза- водоснабдување од проектот ХС Злетовица

53. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на пречистителна станица КО Работивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука

54. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Групчин, Општина Желино, со Предлог-одлука

55. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на 10(20)kv кабелски приклучен вод, ТС 10(20)0,4kv „Делта метал“ и ниско напонска кабелска мрежа на излезот од Росоман кон Градско КО Росоман, Општина Росоман, со Предлог-одлука

56. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средното општинско училиште „Гоце Делчев“ – Валандово, со Предлог-одлука

57. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - андезит на локалитетот „Какуцин“ с. Петршино Општина Пробиштип, со Предлог-одлука

58. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– термоминерална вода на локалитетот „с.Долно Косоврасти“ Општина Дебар, со предлог - одлуки

59. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Орниче“ Општина Долнени, со Предлог-одлука

60. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кварц на локалитетот „Орниче 2“ Општина Долнени, со Предлог-одлука

61. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Мерак бизнис плус, Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

62. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Македонија“, Делчево, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

63. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Студио Ин, Струмица (со седиште на ул. Ѓорѓи Василев бр. 97 Струмица, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект

64. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Пеинт ит блек, Гевгелија, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

65. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Памела - Неготино, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

66. Информација за обезбедување на средства за финансирање на пристапен пат до претоварната станица во Општина Ранковце

67. Информација за пристапување кон партнерство за национални придонеси за климатски промени

68. Информација за финансиската конструкција/пренамена на средства од буџетот на Министерство за животна средина и просторно планирање за 2019 година

69. Информација за проблемите и потребите на техничките факултети од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

70. Информација за дуално образование

71. Информација за постапување на Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за привлекување странски инвестиции, Зорица Апостолска, по однос на заклучок по точка 42 од 164-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10.12.2019 година за предлог договорот за доделување на државна помош на Локо транс логистик ДООЕЛ Скопје

72. Предлог-одлука за општо и селективно зголемување на капиталот на Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка со запишување на дополнителни акции од страна на Република Северна Македонија

73. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост

74. Предлог-одлука за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2024 година

75. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Радовиш

**в) политички систем**

76. Предлог-закон за изменување на Законот за јавните собири

77. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување

78. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на носителите на дипломатски и службени пасоши, со Нацрт - текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

79. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за услови за заемни патувања на државјаните на двете земји, со новиот текст на Нацрт - текстот на Спогодбата на македонски и англиски јазик

80. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Протокол за измени на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за услови за заемни патувања на државјаните на Република Македонија и Руската Федерација (потпишана на 19.6.2008 година), со Нацрт-текст на Протокол

81. Информација за постапување на нотарите по нотарските платни налози за периодот од 2012 година до 2018 година

82. Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија"

83. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Андреевски против Република Северна Македонија, А.бр. 45672/17

84. Информација за правосилност на Одлука на Европскиот суд за човекови права во случајот Наталија Гаданец-Кетикидис против Република Северна Македонија, А.бр.33879/16, со Предлог-одлука

85. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за правда – Управа за водење на матичните книги

86. Информација по однос на добиено Барање од Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија

87. Предлог - одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка британска, американска и канадска виза

88. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Тајван

89. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Азербејџан

90. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд Скопје 2 – Скопје

91. Барање на Неџад Корајлиќ за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

92. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа, по скратена постапка

93. Предлог-закон за изменување на Законот за евиденциите од областа на трудот, по скратена постапка

94. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерството, по скратена постапка

95. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка

96. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на труд, по скратена постапка

97. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место, по скратена постапка

98. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за забрана и спречување за вршење на нерегистрирана дејност, по скратена постапка

99. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за приватните агенции за вработување, по скратена постапка

100. Предлог-закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка

101. Предлог-закон за изменување на Законот за практикантство, по скратена постапка

102. Информација за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2020 година

103. Предлог - програма за изменување на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2019 година

104. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – компјутерски томографи за потребите на ЈЗУ Општа болница Струмица и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија

105. Информација за укинување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство на лековити растенија, трговија, промет и услуги Т.Х.Ц Куалити груоп увоз – извоз Скопје, со Предлог-одлука

106. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги Мар медика ДОО увоз-извоз Куманово за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

107. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Канбио медикал ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

108. Информација заради давање на согласност за потпишување на Анекс за изменување на поединечниот колективен договор заради зголемување на коефициентите за плата на административните службеници вработени во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, со текст на Анекс

109. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – магнетни резонанси за потребите на ЈЗУ Општа болница Прилеп, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Општа болница Охрид

110. Информација за потребата за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи, со текст на Протокол

111. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид

112. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ – Битола

113. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД Димитар Влахов – Струмица

114. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод

115. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавната установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово

116. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица

117. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга

118. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

119. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

120. Предлог-одлука за престанок на користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ – Пробиштип

121. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ - Битола

122. Предлог-одлука за престанок на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар

**д) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

123. Предлог-закон за изменување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

124. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, по скратена постапка

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

125. Барање објаснување, доставено од Народниот правобранител на Република Северна Македонија во врска со доставените мислења од Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за правда и согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018) во врска со забраната за прием на невакцинирани деца во училиштата

126. Понуда од нотар Елена Ристовска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.16541 за КО Штип 1 на КП 4 викано место/улица Герен

127. Понуда од нотар Зафир Хаџи –Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111592 за КО Центар 1 на КП бр.10911/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111582 за КО Центар 1 на КП бр. 10910/31 и Кп бр. 10310/12 и КП бр. 10310/10 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111593 за КО Центар 1 на КП бр. 10912/5 и КП бр. 10912/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111584 за КО Центар 1 на КП бр. 10902/3 и КП бр. 10902/4, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/8, КП 10913/10, КП бр.10913/12 И КП бр.10913/14 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/1, КП бр. 10914/4 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111580 за КО Центар 1 на КП бр. 10910/9 викано место И.Р.Лола

128. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.865 за КО Радишани на КП бр.1766 викано место/ Улица 1558

129. Понуда од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.406 за КО Долно Лисиче на КП бр.320/0 место викано Село

130. Известување од извршител Љупчо Јованов, именуван за подрачјето на Основниот суд Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино за Заклучок за определување на застапник, доставен под И.бр. 608/2014

131. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) и Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање, И.бр.3547/2019

**г) други предлози**

132. Кадровски прашања

133. Прашања и предлози

## В. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

134. Информација за продажба на хартии од вредност - акции сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - Скопје, со дополнување

135. Информација за степенот на реализација на заклучоците по Информацијата за превентивни мерки кои ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на болеста Африканска чума кај свињите

136. Информација за распределба на средства од Програма за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2019 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија

137. Информација во врска со преземените активности за изработка на Акциски план за 2020 година за спроведување на Националната стратегија за млади (2016-2025)

138. Годишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2018 година и ИПАРД Програмата

139. Информација за годишните алокации и буџет за одржување и информација за намерите на Владата за исполнување на целта „Подобрување на капацитетите за одржување на патната мрежа и организацијата на националната мрежа“

140. Информација за реализација на средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, за Потпрограмата 4А - Плоштад Скендербег (1 јануари - 31 декември 2018 година)

## Г. ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

141. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, по скратена постапка

142. Информација за статусот на проектот „Изградба на судница во КПУ - КПД Идризово, Скопје и реконструкција на Затвор Битола“

143. Информација за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица“, Општина Босилово, со Предлог-одлука

144. Предлог - одлуки за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година (за општините Куманово, Центар, Чаир, Струмица и Свети Николе)

145. Информација во врска со организирање на две големи европски спортски првенства од страна на Одбојкарска федерација на Република Северна Македонија

146. Предлог-закон за изменување на Законот за пријавување и евиденција на обврски

147. Информација за финансирање на изградбата на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје со заеми од Банката за развој при Советот на Европа и Европската инвестициона банка

148. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2019 година

149. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година

150. Информација за распишување на Јавен повик бр.01/19 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

151. Информација за распишување на Јавен повик бр.02/19 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

152. Информација за распишување на Јавен повик бр.03/19 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

153. Информација за распишување на Јавен повик бр.04/19 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

154. Предлог - програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2019 година

155. Предлог - програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година

156. Информација за потребата од склучување на договор со Владата на Соединетите Американски Држави за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија

157. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје

158. Информација за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ „Наим Фрашери“) Општина Тетово и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ „Наим Фрашери“) Општина Тетово

159. Информација за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на: повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект ПУ во с.Долно Блаце и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на нов училишен објект ПУ во с.Долно Блаце, Општина Чучер Сандево

160. Информација за имплементација на Законот за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во ДПП со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп, со текст на договори

161. Информација за усвојување на Меморандум за соработка/разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Евроатлантскиот центар за координација на одговор при катастрофи (EADRCC) за спроведување/реализација на здружена вежба (Северна Македонија 2020), со усогласен текст на Меморандум

162. Доставување понуда за деловен простор на Државната комисија за спречување на корупцијата

163. Информација за донесување на новиот Колективен договор за културата

164. Информацијата за потребата од донесување на Закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид, заради склучување Анекс бр.4 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид, со Предлог – закон, по скратена постапка и текст на Анекс бр.4 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited

165. Информација за потреба од преземање на мерки и активности поврзани со Каталогот на услуги и Националниот портал за електронски услуги

166. Информација во врска со реализацијата на Проектот – Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека

167. Информација со Предлог - одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година

168. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, со текст на Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година

169. Информација за престанок на користење на еднократно пакување и пластика во органите на државната управа

170. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година (за купување на делот на ГА – МА АД Скопје)

171. Предлог закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за отворање на заеднички граничен премин Лојане-Миратовец

172. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година

173. Предлог - програма за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година.

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 170 - та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 декември 2019 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Статус на реализација на приоритетите на Република Северна Македонија за влез во НАТО**

Владата го разгледа и го усвои Извештајот за активностите на Работниот комитет за интеграција на Република Северна Македонија во НАТО за 2019 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Во врска со информирањето за состојбите и извршените посети во општините Куманово, Крива Паланка, Кратово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане:

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, ја истакна важноста од одржувањето на ваква седница бидејќи на овој начин директно ќе се добијат информациите од интерес на граѓаните и согласно тоа да се креираат идните политики и одлуки за проекти кои може да се реализираат во соработка помеѓу локалната и централната власт. Исто така, целта на оваа иницијатива е Владата да биде што е можно поблиску до граѓаните и до локалните самоуправи, за да ги препознае приоритетите и потребите на граѓаните на општините. За таа цел, во текот на денот за потребите на седницата претходеа повеќе теренски активности на замениците на претседателот во Владата, на министрите, замениците на министрите и на некои од директорите на јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост, а во агендата на оваа седница има неколку точки кои се од интерес на граѓаните и општините од овој регион.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија истакна и дека за оваа седница има неколку предлози за донесување одлуки за одобрување средства од Буџетот на Република Северна Македонија за општините Куманово, Центар, Чаир, Струмица и Свети Николе, одлука за одобрување средства за Општина Куманово, кои се однесуваат на активностите кои Владата ги презема за намалување на загадувањето, планот да се издвојат 5, 4 милиони денари за замена на постојните загадувачки системи за греење во градинката Пчела, во ОУ Браќа Миладиновци и во Центарот за култура Трајко Прокопиев. Доставена е Информација од Министерството за животна средина и просторно планирање за обезбедување на средства за финансирање на пристапниот пат во претоварната станица во Општина Ранковце. Вкупните трошоци за реализација на овој голем проект за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион во државата е приближно 40 милиони евра. За реализацијата на овој проект со кој трајно ќе се реши управувањето на отпадот во Североисточниот и Источниот Регион неопходно е да се исполнат одредени обврски од страна на општините и јавните комунални претпријатија од двата региона и дека оваа седница е добра можност да се разговара за тие прашања.

Во однос на патната инфраструктура во регионот, завршени се, или во тек се, активности за рехабилитација на локални, регионални и магистрални патишта во вкупна должина од повеќе од 80 км во вредност од 26,3 милиони евра. Министерството за транспорт и врски спроведува работи за изградба и реконструкција на комунална инфраструктура, водоснабдителни системи и канализации вредни 4, 6 милиони евра.

Од работата на железничката инфраструктура ја издвои изградбата на пругата на делницата Куманово - Бељаковце во должина од 30, 8 км вредна 46 милиони евра, која се очекува да заврши до крајот на 2020 година.

За изградба на заедничкиот железнички граничен премин Табановце помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, изработена е проектната документација и испратена е со апликација за грант средствата во висина од 5,5 милиони евра од Фондот за иновации и технолошки развој, за инвестиции за Западен Балкан.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија истакна дека во текот на летниот период оваа година се отвори и новиот објект на Ургентниот центар во Општата болница во Куманово каде се сместени итната хируршка амбуланта, ортопедска, анестезиолошка амбуланта, компјутерска томографија и ехо дијагностика. Со цел зајакнување на капацитетите на здравствениот систем Министерството за здравство иницира активности за подобрување на условите во 34 здравствени домови и здравствени институции и други објекти од здравството, меѓу кои се вклучени и општите болници и здравствениот дом во Куманово.

Исто така, беше истакнато дека во текот на овој ден министерот за здравство, д-р Венко Филипче, во Општата болница во Куманово ја презентираше новата опрема за поквалитетни здравствени услуги во Куманово и во регионот.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија искажа и благодарност на медиумите за покажаниот интерес и дека за сите донесени одлуки ќе бидат информирани до медиумите.

Градоначалникот на Општина Куманово, Максим Димитриевски ги поздрави членовите на Владата и им посака топло добредојте, при што ги информираше членовите на Владата за состојбите во општината.

За почеток искажа задоволство од реализираните проекти, особено во делот на проектите на Министерството за транспорт и врски и ЈП за државни патишта кои што реализираа реконструкција на регионалните и локалните патишта во регионот, но исто така и за стратешки проекти кои треба да бидат предмет на помош од страна на централната власт.

Потоа, ги презентираше проблемите кои ги има општината со водоснадбувањето и нерешените инфраструктурни проекти во делот на канализации и канализациони системи и го истакна проблемот во однос на координацијата со Министерството за транспорт и врски во врска со изградбата на патиштата и канализацијата и согласно ова укажа да се даде приоритет во следната година, сите средства да се наменат за изградба на канализација, а наредната година да се подготват проекти за изградба на патишта.

Паралелно со тоа, истакна дека во соработка со ЈП за стопанисување со спортски објекти биле вратени во владение сите спортски објекти на општината.

Понатаму го искажа проблемот со реализацијата на Проектот за фекалната канализација во неколку села во општината (селото Романовце и селото Пчиња).

Потоа, ја отвори и темата за задолжувањето на општините и посебно го истакна проблемот што општината го има од 2005 година, во однос на МЕА проектот и исплатата на истиот, високите камати и блокадата на сметката на општината.

По однос на останатите барања, истакна дека има воспоставено комуникација со министерот за образование и наука, во делот на блок дотациите да се интервенира, затоа што не сите градови во државата имаат слична состојба во образованието, посебно во мултиетничките региони.

На крајот, ја извести Владата за техничките проблеми за функционирање на училиштата и неопходноста да се изнајде законско решение за надминување на проблемот со регионализација и почитување на регионализацијата и побара враќање на ингеренциите на општината врз градинките.

После ова изнесување на состојбата и проблемите во општината, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министерот за овразование и наука, д-р Арбер Адеми, министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески и министерот за труд и социјална политика, Мила Царовска, дадоа свои образложенија за проблемите и ја истакнаа волјата за решавање на истите и за подобрување на состојбата и функционирањето на Општина Куманово.

По овој повод, Владата заклучи да препорача на Општина Куманово да ја заврши проектната документација за водоснабдувањето и да ја достави до Министерството за транспорт и врски со цел понатамошно негово реализирање.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, на членовите на Владата им искажа благодарност за иницијативата за ваквата непосредна соработка и пренесување на проблемите и состојбите на општините и ги информираше членовите на Владата за тековните проекти.

Најпрво ја истакна ситуацијата со Проектот за гасификација на општините и тоа дека Општина Крива Паланка иако веќе има предадени одобрение за градба со потполно готова техничка документација, сè уште нема конкретно решение дали ќе го финансира тој проект или не, бидејќи во неколку наврати е разговарано со АД НЕР, за да последен пат се добие одговор дека АД ГА-МА ќе го финансира од добивката која што ја има претпријатието.
Второто прашање кое го истакна беше заеднички донесениот заклучок од сите општини од Североисточниот плански Регион, а исто така и од Источниот плански

Регион за промовирање на еден поголем проект - зимско рекреативен центар Калин Камен, каде непосредно се засегнати девет општини, а индиректно сите останати општини не само во Источниот и Североисточниот плански Регион, туку и пошироко во државата и преку граничниот регион.

Го истакна и проблемот со објектот на Јавно обвинителство, стара зграда која што се распаѓа, а е во строгиот центар на градот и истата ја користи општината, но не и земјиштето под зградата, бидејќи нема чист имотен лист и не може да се аплицира за финансиски средства, затоа што таму се бара целосна сопственост на објектот и земјиштето под него.

Следно е актуелизирањето на постапката преку Македонското еколошко друштво што се води за прогласување на Осоговието за заштитено подрачје на природата. Во тој предел има строги зони на заштита со кои се засегнати не само Крива Паланка, туку и Пробиштип и Македонска Каменица, бидејќи се забрануваат сите истражувања за минерални суровини, а потпишана е и Иницијатива за прогласување на ова подрачје за заштитено, но има потреба да се ревидираат зоните кои што ќе влезат во таа строга заштита каде што се забранети секакви активности.

Следната сугестија ја насочи кон Министерството за култура и упати апел во однос на јавните повици кои се објавуваат, со истите да се предвидат и средства за Музеј на Крива Паланка којшто оваа година заедно со Општина Крива Паланка организира околу 70-80 културни настани и случувања. Притоа упати молба, затоа што од минатата недела е формирана и асоцијација на локални установи и музеи на општините што се борат за својата егзистенција, кога ќе се прави распределбата на средства од Министерството за култура, доколку е можно еден милион денари да се доделат на таа локална установа, затоа што имаат големи потешкотии во функционирањето, односно укажа на посоодветен третман од Министерството за култура во оваа насока.

Во однос на објектот - касарната на Армијата, која што е доделена на Универзитетот, „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје се бара истиот да се додели на Општината, но претходно да се одземе владението на Министерството за образование и наука, па потоа да се даде на Општина Крива Паланка. Целта е да се дислоцираат сите служби како што се територијалната противпожарна единица, Комуналното претпријатие, Граничната полиција и Здравствениот дом, за да функционираат посинхронизирано при извршување на своите задачи.

Исто така, градоначалникот апелираше за поголема координација со Министерството за финансии во однос на заедничкото функционирање и размена на информации со Министерството. Поконкретно, добивање податок од Министерството за финансии која е максималната граница и рамката на буџетот на Општината Крива Паланка.

Во однос на проблемот со кој се соочува општината и др. општини, а тоа се урбанистичките планови за руралните средини, односно општите акти, упати

барање до Министерството за транспорт и врски, да се забрза постапката за донесување на тие општи акти за рурални средини со кои што ќе се овозможи на жителите да ги реновираат своите живеалишта или да инвестираат во руралните средини, затоа што позитивно е што во Крива Паланка има жители кои што се повратници во руралните средини и инвестираат во своите живеалишта. Тоа треба да се цени и да се стимулира, во насока покрај оваа инфраструктура која што е патна, водоводна и канализациона, да им се овозможи преку тие општи акти да добиваат дозвола, легитимно да си ги реновираат своите стари живеалишта или да направат доградба.

Исто така, истакна дека од Министерството за образование и наука е добиена согласност за вработување на наставен кадар, но дополнително потребна е и согласност за помошен персонал, а има пензионирање.

Во врска со распределбата на средствата од ТАВ, побара сразмерно на тоа кои општини земале помалку пари за раздолжување, да добијат повеќе пари за водовод и канализација, со напомена дека Општина Крива Паланка веќе достави, 12-13 проекти, врз основа на кои се очекува да се реши водоснабдувањето во неколку рурални средини. Со оглед на фактот дека не можат секаде да се изградат водоводи, позитивно би било во некоја владина програма да се предвидат средства за бушотини во руралните средини, затоа што тоа во голема мерка ќе помогне, барем во оние збирни селски населби, преку некаков систематизиран начин на пристап со бушотини да се решава водоснабдувањето, затоа што тоа можеби е единствениот начин да се подобри состојбата на овој план во определени рурални средини.
Се осврна на спортската сала за која што нема никаков документ, и е во фаза на карабина и се бара од Агенцијата за катастар на недвижности или некоја друга институција да го внесе во евиденција и да го преотстапи, за да се адаптира или во затворена спортска сала или во спортски базен и сл.

Следен проект е отворањето на гранични премини кон Република Србија и тоа кон Трговиште и кон Босилеград. Во тој дел и на двете места има гравитација на население кое што има имот и земјоделско земјиште и во летниот период им е дозволено движење само до 19:00 часот, со цел да се зголеми степенот на проодност за жителите на Крива Паланка, но и на Куманово, да не се движат преку Република Бугарија или Република Србија, 150 километри, туку само 20 километри, што навистина би било олеснување за таа комуникација во пограничниот регион.

Исто така, до Министерството за финансии има барање за средствата останати од блок дотациите, да не бидат повлечени од овие институции, затоа што се планирани за наредна година и тоа се, пред се средства кои што може да се искористат, бидејќи во средното училиште има спор за еден објект што е бесправно изграден.

По однос на Проектот што е во Министерството за локална самоуправа, за прекугранична соработка со Република Бугарија, прв е на листа на чекање и веќе е одобрен од бугарската страна и Бордот што ги договара тие работи. Сугестијата е

до започнување на изборниот процес да се потпише договор за да може да се почне со реализација.

Следно е објектот на Ученичкиот дом кој има се помалку ученици, а има доволно простор, дали може да се преадаптира во мал групен центар или дом за сместување на стари лица, затоа што реално има потреба од такво нешто и дали таа постапка може да се почне преку Министерството за образование и наука, бидејќи е корисник на истиот.

Го истакна и проблемот со проценителите за проценка на имотот и можноста да бидат ангажирани во име на општините или за оние институции за кои што има потреба.

Во однос на поранешната зграда на рудникот Тораница што е во стечај, се јавуваат доверители, поголем број, од кои што најголеми се Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Управата за јавни приходи. Тие се носители над 51% од побарувањето. Се бара можност нивните побарувања да се преотстапат на општините, со што општините би се стекнале со доминантна сопственост на тој објект и пак би го ставиле во функција. Останатите носители на 49% се помали фирми.

Исто така, истакна дека Општина Крива Паланка има потреба од затворен базен и доколку може еден од базените кои што се планираат, да се изгради во Општината.

Беше посочено дека сите сугестии кои што се дадени при разгледувањето на зоните за заштита во делот на Осоговските планини и степенот на заштита, да бидат целосно земени во предвид, затоа што ќе биде нанесена огромна штета, затоа што во моментот околу 400 семејства егзистираат на тој простор.

После ова изнесување на состојбата и проблемите во општината, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески, министерот за финансии, д-р Нина Ангеловска, министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, министерот за труд и социјална политика, Мила Царовска, заменикот на министерот за правда, Оливер Ристовски и заменикот на министерот за култура, Владимир Лазовски, дадоа свои образложенија за проблемите и ја истакнаа волјата за решавање на истите и подобрувањето на состојбата и функционирањето на Општина Крива Паланка.

По овој повод, Владата го задолжи Министерството за култура да ја разгледа можноста, при распределбата на средствата за финансирање на дејноста на

локалните музеи, да се обезбедат дополнителни средства за ЛУ Градски Музеј-Крива Паланка.

Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, Жаклина Јовановска, ја истакна својата благодарност за соработката помеѓу Општината и членовите на Владата со што успешно се реализирани повеќе проекти и го истакна успешното расчистување на долгот на Општината што го наследила како градоначалник.

Прво, го истакна проблемот со имотно-правните односи, односно експропријацијата, кои се под ингеренции на Министерството за финансии и апелираше за нивно поефективно решавање со цел реализација на проектите и аплицирање на Општината за средства за финансиска поддршка на истите.

Втората тема на која се осврна, беше во врска со блок дотациите и во делот на превозот на учениците. Истакна дека имаат ученички дом којшто опслужува 24 часа и деца кои што престојуваат таму од понеделник до петок. Со оглед на тоа што таму има греење, готвач, хигиеничари и воспитувачи кои што се вработени и на основ на тоа, побара ако може да се зголеми дел од блок дотациите и да се помогне Општината.

Потоа истакна дека општината се протега на мала површина, дека патната мрежа е локална и во тој дел го потенцираше проблемот што го имаат на пет релации за превоз на ученици каде што воопшто не може да оди лиценцирано возило да ги земе учениците и дека теренот е непристапен на одредени локации за што мора да се обезбеди пристап само со теренско возило.

Упати барање до министерот за образование и наука, за спортска сала која би ја користеле 3 централни и 7 подрачни училишта во општината, односно да се изгради и во Старо Нагоричане една спортска сала која би ја користеле сите училишта.

Во делот на средствата за тековно одржување за патишта - тековно одржување за патната инфраструктура (од 250 км), локална мрежа, истакна дека средствата што ги добиваат се многу минимални, за такви средства воопшто никој не доставува понуда и не е можно со средства од општината, ниту една третина од таа патна мрежа да ја санираат.

Исто така, истакна дека во делот на ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија, како општина земале кредит и дека од страна на општината се завршени сите процедури и финансискиот извештај е потпишан, контролата е завршена, но од бугарска страна се чека одговор. Побара да се интервенира од Министерството за локална самоуправа во бугарското министерство, за побрзо да добијат исплата на средствата, во спротивно општината ќе се соочи со проблем.

Воедно, упати прашање до министерот за транспорт и врски дали може да финансира Министерството или државата изработка на урбанистички план за

индустриска зона, затоа што зоната е многу погодна и би била од корист за општината, бидејќи има заинтересирани инвеститори кои би вложиле, а Општината од сопствени средства не може да го финансира истото.

Се осврна и на локалитетот Кокино, има пат во многу лоша состојба и високо туристички автобуси воопшто не можат да пристапат, а овој локалитет е од прв степен на заштита од државата. Се надева дека Министерството за култура ќе посвети повеќе внимание на самиот локалитет (пристапни патеки, санитарни јазли, уредување на просторот и сл.) кој е под ингеренција на Министерството и дека како Општина би сакале да се развие делот на туризмот кој би ги заинтересирал и инвеститорите.

После ова изнесување на состојбата и проблемите во општината, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески, министерот за образование и наука, д-р Арбер Адеми, и градоначалникот на Општина Куманово, Максим Димитриевски, дадоа свои образложенија за проблемите и ја истакнаа волјата за решавање на истите и подобрувањето на состојбата и функционирањето на Општина Старо Нагоричане.

Градоначалникот на Општина Ранковце, Ивица Тошевски, ги истакна состојбите во Општината и се осврна на повеќе прашања што ги засегаат во Општина Ранковце и останатите општини.

Како прво го издвои прашањето со блок дотациите за противпожарните единици кои се заеднички со останатите општини, се осврна на противпожарната единица за која има една од најновите/најфункционални згради во Република Северна Македонија, со две специјални возила, од кои едното е донација од Кралството Шведска, со опрема и со обучени пожарникари од англиска организација Флоријан. Апелираше побрзо да биде решено прашањето околу блок дотациите.

Понатаму, го покрена прашањето за работата на рудникот Бентомак и активностите во рудникот од страна на последниот сопственик согласно законските прописи.

Во однос на регионалниот пат за Герман, истакна дека половина од селата од Општината се покрај тој пат кој е во незавидна состојба, за делот од Ранковце до село Радибуш, место викано Орљак, кој е во многу лоша состојба, меѓутоа има шанса за развој на селски и планински туризам во село Герман и село П`клиште. Интерес постои со тоа што се градат 2-3 објекта, сопствениците сакаат да отвораат и хотели, за што побара помош од министерот за транспорт и врски и директорот на ЈП за државни патишта за изработка на проект, од причина што патот е многу тесен во делот на селата и потребно е првично истиот да се прошири, а потоа да се асфалтира. Проектот сеуште не е започнат.

Побара и помош за Технолошки индустриската развојна зона во село Петралица, со цел привлекување на инвеститори и отпочнување со работа на тој план.

Исто така, го покрена прашањето за состојбата и расчистувањето на речните корита и дека како градоначалник се обратил повеќе пати до надлежните институции за расчистување на речните корита. Во незавидна ситуација се речните корита, како што е Крива Река, Ветунишка Река, Блидешка Река, Ранковска Река.

Во однос на наплатата на данокот во општините побара Министерството за финансии да изготви преглед и да ја запознае Владата со цел да се види која општина колку данок наплатила како основа за средства кои понатаму се доделуваат за поддршка на општините.

Исто така, во однос на продолжувањето на работниот век – пензионирањето, наведе дека треба се да даде шанса на младите, да не заминуваат во странство, наведувајќи дека повисоките началници во Министерството за внатрешни работи не прифаќаат да се пензионираат и слично, со што не се дава шанса на младите.

После ова изнесување на состојбата и проблемите во општината, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, министерот за труд и социјална политика, Мила Царовска и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски, дадоа свои образложенија за проблемите и ја истакнаа волјата за решавање на истите и подобрувањето на состојбата и функционирањето на Општина Ранковце.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, доколку има заинтересирани инвеститори, посебно да ја имаат предвид технолошки индустриски развојната зона во Општина Ранковце и истата да ја понудат согласно можноста.

2. Се задолжува АД Водостопанство на Република Северна Македонија редовно да ги одржува и чисти речните корита во Општина Ранковце.

Градоначалникот на Општина Кратово, Љупчо Бојаџиев, ја истакна својата благодарност до членовите на Владата за начинот на практикување на власта со непосреден контакт помеѓу централната и локалната власт.

Ги истакна проблемите со економијата, за делот од приходната страна на буџетот на општината и дека од 2014 година Општина Кратово нема инкасирано средства по основ на концесиски надоместок од рудникот што се наоѓа на територијата на Општина Пробиштип и на територијата на Општина Кратово, односно околу 12% за делот што припаѓа на територијата на Општина Кратово. Покрената е иницијатива преку Министерството за економија да се направи повторна проценка на делот

што припаѓа експлоатациски на територија на Општина Кратово, за ходниците каде се врши експлоатацијата на таа руда, а се работи за процент што ќе биде од големо значење за заживување на стопанството и нема да се очекуваат средства од централната власт.

Го истакна стартувањето на рудникот за експлоатација на злато и сребро, кој е голем проект на австралиска компанија Генезис ресурсис, како доминантен сопственик и Силекс. Тие прават напори да направат популаризација на начинот на којшто ќе се врши експлоатација на рудата, цијанидот се исфрла од употреба користејќи нови методи, со полимерни средства за екстракција на рудата.

Постои иницијатива за рестартирање на фабриката Иднина, од италијански инвеститор, за што е потребна целосна информација за статусот на тој објект, како би можело комплетно и соодветно да се информираат инвеститорите, за да имаат целосна слика за тоа кои се нивните можности за инвестирање.

Проблемот со противпожарните единици беше истакнат, односно дека сите општини се соочуваат со судски побарувања од пожарникарите. Законската регулатива која што ја користат адвокатите и различните колективни договори, ги користат и на основа на тоа ги добиваат сите судски процеси при што земаат огромни средства од буџетите на општините. Нема побарување под 120-150 илјади денари по лице и исплатени се големи суми по овој основ.

Нареден проблем што го потенцираше е можноста за користење на речното корито на Крива Река – користење на песок за потребите на општината, за санација на некои локални патишта, бидејќи за обично тампонирање се бара цела лепеза на дозволи. Со цел регулативата да се либерализира, побара да се воведат строги контролни механизми на тоа како се користи и дали најсоодветно се искористува таа маса на песок што ќе се исцрпува од речното корито.

Беше даден и предлог, да се иницира, една сабота во месецот да се прогласи за работна сабота, која што ќе биде искористена за подобрување на еколошката свест на граѓаните за животниот амбиент.

Ја поздрави иницијативата на Министерството за внатрешни работи за ангажирање на полицаец кој би патролирал по реони, со тенденција да се трансформира во поранешниот позорникар – полицаец, со што би се намалил бројот на прекршоците, а мобилноста на полициските службеници кај граѓаните би дала поголема сигурност.

Ја истакна и потребата на градинката во општината за реконструкција на кујнскиот дел, бидејќи таму има солидна бројка на деца кои се згрижени, така што би требало Министерството за труд и социјална политика да им излезе во пресрет, во рамките на можностите, а и општината секако ќе се потруди да помогне во овој дел.

После ова изнесување на состојбата и проблемите во општината, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министерот за економија, м-р Крешник Бектеши и заменикот на министерот за информатичко општество и администрација, Александар Бајдевски, дадоа свои образложенија за проблемите и ја истакнаа волјата за решавање на истите и подобрувањето на состојбата и функционирањето на Општина Кратово.

По овој повод, Владата препорача на Општина Кратово да се обрати до Државниот инспекторат за техничка инспекција, за да изврши надзор врз концесионерот на Рудникот Булмак во однос на координатите на подземниот ископ, со цел репроценка на делот што експлоатациски припаѓа на територија на Општина Кратово.

Градоначалникот на Општина Липково, Еркан Арифи, ја истакна својата благодарност до членовите на Владата за укажаната прилика за соработка и потоа ја претстави состојбата на својата општина.

Како главен проблем го наведе водоснабдителниот систем за вода за пиење, затоа што општината брои околу 30 илјади жители и нема чиста вода за пиење. Досега е работено на проектот за филтер станицата за водата за пиење, моментално се работи за проектот за таложникот, но за секундарните мрежи нема средства обезбедени од Владата, ниту од Општината.

Исто така, за фекалните канализации и пречистителните станици за отпадните води има изготвено и техничка документација и проекти, но потребни се дополнителни средства да се завршат овие проекти.

Во врска со регионалните патишта, има барање до ЈП за државни патишта и се обезбедени средствата, но проектот за инфраструктура не е одобрен од страна на Министерството за транспорт и врски и е вратен во ЈП за државни патишта. Побара побрзо да се надминат сите административни бариери и ЈП за државни патишта да го објави огласот.

Го истакна и проблемот со изградба на нови градинки за деца од Општината, како и новиот објект за лицата со посебни потреби кој сеуште не е во функција, не е направен технички преглед и не може да се регистрира во Катастарот на недвижности. За ова побара од Министерството за труд и социјална политика да се вклучи во надминување на проблемот.

Побара информации за рудникот во село Лојане, односно до каде е постапката за доделување на концесија, како и информации за економската зона ТИРЗ во село Никуштак, бидејќи таму има урбанистички план што го завршува Дирекцијата за

технолошки индустриски развојни зони и моментално се наоѓа во Министерството за транспорт и врски за одобрување на инфраструктурниот проект.

Исто така, побара да се разгледа можноста во подрачната единицата на Министерството за внатрешни работи да се издаваат лични документи како што се лични карти, пасоши и други документи во Општина Липково, во село Матејче каде што функционира и полициска станица.

Истакна дека има локални патишта што не се асфалтирани, за што има доставено список до Министерството за транспорт и врски и до ЈП за државни патишта, а најважен локален пат е од селото Матејче до манастирот „Св.Богородица" во село Матејче, кој е околу 10 км и е многу битно за развојот на туризмот и за граѓаните што живеат на територијата на Општина Липково.

После ова изнесување на состојбата и проблемите во општината, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и министерот за труд и социјална политика, Мила Царовска, дадоа свои образложенија за проблемите и ја истакнаа волјата за решавање на истите и подобрувањето на состојбата и функционирањето на Општина Липково.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Општина Липково да изнајде решение за комплетирање на процедурите и предавање на објектот на Центарот за лица со посебни потреби во употреба на Општина Липково.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да преземе потребни активности за инфраструктурен проект за технолошки индустриски развојна зона Никуштак.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја разгледа можноста во Полициската станица во Матејче да обезбеди услови за издавање на лични документи за граѓаните.

Истовремено, имајќи го предвид горенаведеното Владата заклучи:

1) Се задолжуваат ресорните министерства и институции да ја разгледаат можноста за изнаоѓање на соодветни мерки и решенија за надминување на отворените прашања изнесени во дискусијата на седницата на Владата, во врска со проектите и активностите на овие општини.

## Точка 2

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Радовиш, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Национални шуми (Тмв Там),

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Казнено поправна установа Идризово (Тмв STEYR),

3. Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр.45-4459/9 од 4.7.2019 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за промоција за поддршка на туризмот и

4. Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр.45-8515/1 од 18.9.2019 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за финансии – Управа за јавни приходи, во предложените текстови.

## Точка 4

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Одлуката за зголемување и утврдување на висината на вредноста на бодот (коефициентот) за пресметување на платите на вработените во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство и да обезбеди мислење од Министерството за финансии.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата во врска со инспекцискиот надзор во подружниците на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ кои имаат склучено договори за присилна концесија на дивечот и ја усвои со следниов заклучок:

Се задолжува директорот на Државниот инспекторат за шумарство и ловство да го повлече даденото негативно решение до ЈП „Национални шуми“, а ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ да ги исполни

задолжувањата наведени во Решението на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

**Точка 6**

I. Владата ја одложи од разгледување Одлуката за изменување на Одлука за определување на висината на надоместоците во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со Предлог-одлука, поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, Министерството за животна средина и просторно планирање да достави мислење по материјалот.

*
* *

II. Владата, на продолжението на седницата, по Одлуката за изменување на Одлуката за определување на висината на надоместоците во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на висината на надоместоците во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за остварување на обврска од страна на Владата на Република Северна Македонија кон Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен “- Скопје по основ на Договори за управување со државни ловишта „Јасен” и „Јасен I”, со Известување и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да изврши сукцесивна исплата на неисплатените средства на три еднакви рати на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, почнувајќи од јануари 2020 година, согласно договорите (Договор бр.09-684/1 и Договор бр.09-6875/1 од 18.6.2010 година) и Записникот од извршениот инспекциски надзор од Државниот инспекторат за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.09-63 од 12.12.2018 година.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на

Република Македонија на Министерство за труд и социјална политика, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и давање на времено користење на недвижна ствар на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 10**

I. Владата ја разгледа Информацијата за склучување на договор за финансиска поддршка со Друштвото за компјутерско програмирање, информатичка технологија и услуги СКЕИЛ ФОКУС ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за компјутерско програмирање, информатичка технологија и услуги СКЕИЛ ФОКУС ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за компјутерско програмирање, информатичка технологија и услуги СКЕИЛ ФОКУС ДООЕЛ Скопје.

*
* *

II. Владата, на продолжението од седницата повторно ја разгледа Информацијата за склучување на договор за финансиска поддршка со Друштвото за компјутерско програмирање, информатичка технологија и услуги СКЕИЛ ФОКУС ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за компјутерско програмирање, информатичка технологија и услуги СКЕИЛ ФОКУС ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за компјутерско програмирање, информатичка технологија и услуги СКЕИЛ ФОКУС ДООЕЛ Скопје [најнов текст во кој членот 14 завршува со зборовите „Меѓународната Трговска Комора во Париз (ICC Paris)“].

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање, со предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот (Општина Карпош);

2. Ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот (Општина Карпош);

3. Ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот (Општина Центар);

4. Ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот (Општина Кисела Вода) и

5. Ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот (Општина Кисела Вода), со заклучок текстот на истите (пет одлуки) редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

6. Во врска со предлог - одлуките за продажба на одземен недвижен имот (вкупно четири: Општина Центар - ГТЦ, Општина Чаир, Општина Гази Баба и Општина Охрид), Владата ги задолжи Министерството за транспорт и врски и Управата за имотно - правни работи, во соработка со Агенцијата за управување со одземен имот, да предложат правно решение за процедурата за продажба на одземениот недвижен имот.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за Правилник за методи на земање на примероци за вршење анализа за целите на официјална контрола на количините на ерука киселина во храната, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Правилникот за методите на земање на примероци за вршење анализа за целите на официјална контрола на количините на ерука киселина во храната, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за Правилник за начинот на вршењето на официјалната контрола на забраната за производство, ставање во промет, увоз во Република Северна Македонија, на храна и производи од храна кои содржат генетски модифицирани организми или се составени од генетски модифицирани организми и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство да пристапи кон изменување на Законот за безбедност на храната во насока на усогласување со ЕУ регулативите и во рок од 15 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на вршење на официјалните контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на вршење на официјалните контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање и начинот на работење на Национален совет за безбедност на храна и храна за животни, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за изготвување „Регистар на програми“ во рамки на програмата „Фонд за млади умови“, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Агенцијата за млади и спорт, а им укажа на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, да ги обезбедат информациите потребни за изготвувањето на „Регистар на програми“ согласно приложениот „Образец - Информации за програми што поттикнуваат креативност, иновативност, претприемништво и стекнување на вештини за 21. век кај младите“, заради завршување на краткорочните активности предвидени во програмата „Фонд за млади умови“, најдоцна до 10.1.2020 година.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со човечки ресурси во Државниот санитарен и здравствен инспекторат, ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 60 дена да обезбеди деловен простор за сметување на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и на подрачните одделенија на Државниот санитарен и здравствен инспекторат од Скопје, на едно место.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство и Министерството за финансии да ја разгледаат можноста за пополнување на капацитетите во Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со цел зајакнување на кадровската екипираност на човечките ресурси (инспектори).

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените инспекциски надзори за безбедноста на детските играчки кои се пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за трет квартал од 2019 година и ја усвои со следниов заклучок:

Се задолжува Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат да продолжи квартално да ги доставува до Владата информациите за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Северна Македонија, кои да содржат и мерки за подобрување на системот за контрола.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за потврдување на Спогодбата за присоединување ОДУ.бр.722/19 од 4.11.2019 година и потврдување на Планот за поделба ОДУ.бр.721/19 од 4.11.2019 година помеѓу Јавното претпријатие колекторски систем Скопје и МЈП Проаква Струга (Ре Колектор Струга), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата по Барањето за финансирање на проектот „Изградба на дел од инфраструктура во центар за параглајдинг во Крушево", со Акциски план заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до Министерството за финансии да достави барање за изменување и дополнување на Буџетот на Владата на Република Северна Македонија (раздел 04.001) во износ од 4.000.000,00 денари за обезбедување средства на Општина Крушево (параглајдинг).

Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 22**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кисела Вода, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Билјана Здравева, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

## Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во текстот на Предлог-законот, членот 4 да се измени и да гласи:

„Член 4

Одредбите на овој закон не се применуваат за:

- сите видови на бесправни објекти изградени во границите на Охридскиот регион во кој се наоѓа природното и културното наследство запишано во Списокот на светското природно и културно наследство на Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на Обединетите нации во рамките на Организацијата на обединетите нации за образование, наука и култура (Конвенцијата на УНЕСКО), кои граници се утврдени со Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, за кои во Студиите за оцена на влијанијата врз животната средина и Студиите за оцена на влијанија врз културното наследство, кои се спроведуваат, согласно препораката број 9 од Извештајот за реактивната мониторинг мисија од април 2017 година на Центарот на Светското наследство (ИКОМОС/ИУЦН), е утврдено дека ќе ги загрозат Исклучителните универзални вредности на доброто утврдени во Изјавата за исклучителни вредности на страните на Конвенцијата на УНЕСКО од триесет и деветтата сесија на Центарот на светското наследство и

- бесправни објекти со намена А2 (домување во станбени згради) и бесправни делови (доградби и надградби) на објекти со наведената намена.“

2. Во текстот на Предлог-законот, во член 10, Министерството за транспорт и врски, во соработка со Секретаријатот за законодавство да ја преоцени потребата дали зборовите на крајот од реченицата „сопственост на Република Северна Македонија“ треба да изостанат.

3. Во текстот на Предлог-законот, во врска со член 41, Министерството за транспорт и врски, во соработка со Секретаријатот за законодавство да ја преоцени потребата дали делот кој се однесува на упатувањето на кривични и граѓански постапки треба да изостане.

4. Пречистениот текст на Предлог-законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Мартин Оџаклиески, државен советник во Министерството за транспорт и врски.

## Точка 25

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Билјана Здравева, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

## Точка 26

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Билјана Здравева, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

## Точка 27

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за жичари и ски-лифтови (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Билјана Здравева, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 28**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за електронска трговија (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 29**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Душка Јаковчевска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 30**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Душка Јаковчевска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 31**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за административните такси (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Душка Јаковчевска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 32

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Душка Јаковчевска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 33

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Душка Јаковчевска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 34

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за финансии Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување да се достави до

Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Душка Јаковчевска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 35

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистика и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии текстот на Предлог-законот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистика да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Јордан Трајковски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 36

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 37

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до

Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 38

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот стоковните резерви го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Реси Абдурахмани, директор на Агенцијата за стоковните резерви и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 39

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии текстот на Предлог-законот редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии и Уљуси Бекири, директор на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

## Точка 40

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и го утврди со заклучок предлагачот текстот на Предлог-законот редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Пречистениот текст на Предлог-законот согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Тања Трифунова, раководител на сектор во Министерството за финансии и Аница Ивановска Стрезоска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 41**

Владата на предлог на предлагачот го симна од Дневен ред Предлог-законот за изменување на Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

**Точка 42**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри и го утврди со заклучок предлагачот текстот на Предлог-законот редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Пречистениот текст на Предлог-законот согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 43**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии текстот на Предлог-законот редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Анґеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Шасине Касами, директор на Управата за имотно правни работи и Виолета Димитровска, раководител на сектор во Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Анґеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Тања Трифунова, раководител на сектор во Министерството за финансии и Аница Ивановска Стрезоска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 45**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Бесир Јашари, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 46**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животни, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Бесир Јашари, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 47

Владата ја донесе Стратегијата за производство на тутун за период 2020-2026 година, со Акционен план (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година, со заклучок во членот 1 од Одлуката зборот „капитални“ да се избрише.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, со Предлог – уредба, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени постапки за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Калиманци“, во предложениот текст.

2. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Младост“, во предложениот текст.

3. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпилје“, во предложениот текст.

4. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1 – Демирхисарски“, во предложениот текст.

5. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 4 – Мариовски“, во предложениот текст.

6. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 2 – Тетовски“, во предложениот текст.

7. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 6 – Демиркаписки“,во предложениот текст.

8. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“,во предложениот текст.

9. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“,во предложениот текст.

10. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“, во предложениот текст.

11. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Крушевска“,во предложениот текст.

12. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“,во предложениот текст.

13. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски Слив“, во предложениот текст.

14. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“, во предложениот текст.

15. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница - Делчевски“, во предложениот текст.

16. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 – Неготински“, во предложениот текст.

17. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“, во предложениот текст.

18. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со спроведување на постапки за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовни зони, со предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Шпилје“, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на одобрение за спроведување на постапка за повеќегодишна јавна набавка за реализација на активноста за „Градежни работи за изградба на пат, цевковод и пречистителна станица за вода за пиење во Општина Карбинци“ и одобрение за спроведување на постапка за повеќегодишна јавна набавка за реализација на активноста за „Адаптација на постоечка филтер станица во Штип“ во рамки на активностите за финализирање на I фаза- водоснабдување од проектот ХС Злетовица и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2019, 2020 и 2021 буџетска година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за реализација на активноста за „Градежни работи за изградба на пат, цевковод и пречистителна станица за вода за пиење во Општина Карбинци“ во вкупна вредност од 158.231.689,00 денари, со динамика на плаќање и тоа:

- 20.277.680,00 денари во 2019 година,
- 85.954.009,00 денари во 2020 година и
- 52.000.000,00 денари во 2021 година.

2. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски

средства во наредните 2019, 2020 и 2021 буџетска година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за реализација на активноста за „Адаптација на постоечка филтер станица во Штип“ во вкупна вредност од 283.000.000,00 денари, со динамика на плаќање и тоа:

- 35.400.704,00 денари во 2019 година,
- 74.045.991,00 денари во 2020 година и
- 173.553.305,00 денари во 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство во буџетските циклуси 2020 – 2021 година да ги обезбеди потребните средства за реализација на постапката за повеќегодишна јавна набавка за „Градежни работи за изградба на пат, цевковод и пречистителна станица за вода за пиење во Општина Карбинци“ и за реализација на постапката за повеќегодишна јавна набавка за „Адаптација на постоечка филтер станица во Штип“ во рамки на активностите за финализирање на I фаза- водоснабдување од проектот ХС Злетовица.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на пречистителна станица КО Traботивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на пречистителна станица КО Трaботивиште, Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Групчин, Општина Желино, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Групчин, Општина Желино, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на 10(20)kv кабелски приклучен вод, ТС 10(20)0,4kv „Делта метал“ и ниско напонска кабелска мрежа на излезот од Росоман кон Градско КО Росоман, Општина Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на

10(20)kv кабелски приклучен вод, ТС 10(20)0,4kv „Делта метал“ и ниско напонска кабелска мрежа на излезот од Росоман кон градско КО Росоман, Општина Росоман, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средното општинско училиште „Гоце Делчев“ – Валандово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средното општинско училиште „Гоце Делчев“ - Валандово, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - андезит на локалитетот „Какуцин“ с. Петршино Општина Пробиштип, со  Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – андезит на локалитетот „Какуцин“ с. Петршино, Општина Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– термоминерална вода на локалитетот „с.Долно Косоврасти“ Општина Дебар, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Орниче“ Општина Долнени, со  Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – кварц на локалитетот „Орниче“ Општина Долнени, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кварц на локалитетот „Орниче 2“ Општина Долнени, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе

Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кварц на локалитетот „Орниче 2“ Општина Долнени, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Мерак бизнис плус, Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Мерак бизнис плус, Скопје со седиште на ул. Андон Дуков бр. 27 - Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Македонија“, Делчево, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект (хотел „Македонија“ Делчево со седиште на ул. „Маршал Тито“ бр.87 Делчево за хотел од четврта категорија со две ѕвезди), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Студио Ин, Струмица (со седиште на ул. Ѓорѓи Василев бр. 97 Струмица, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект , во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Пеинт ит блек, Гевгелија, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел Пеинт ит блек, Гевгелија со седиште на ул.Деко Ковачев бр.3 Гевгелија, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Памела - Неготино, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел Памела - Неготино со

седиште на ул. Маршал Тито бр.4 Неготино, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди - супериор), во предложениот текст.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на средства за финансирање на пристапен пат до претоварната станица во Општина Ранковце и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта да направи проценка за изработка на проектна документација и за изградба на патот кој ќе води до претоварната станица во Општина Ранковце и за тоа да го информира Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна до 20 декември 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да обезбеди финансиски средства за проектирање и изградба на пристапен пат и во рок од четири месеци да ја информира Владата.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување кон партнерство за национални придонеси за климатски промени и ја усвои со следниов заклучок:

Се овластуваат министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини и министерот за финансии, д-р Нина Ангеловска да го потпишат писмото за изразување на интерес за пристапување на Република Северна Македонија во Партнерство за национални придонеси за климатски промени.

## Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската конструкција/пренамена на средства од буџетот на Министерство за животна средина и просторно планирање за 2019 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да преземе активности во функција на реализација на финансиската конструкција/пренамена на средства од буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање за 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да преземе целокупни активности за реализација на финансиската конструкција/пренамена на средства од буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање за 2019 година.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за проблемите и потребите на техничките факултети од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука и Министерството за финансии да ги одобрат бараните согласности за вработување на административен, наставно-научен и соработнички кадар за потребите на државните технички факултети.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука во рамките на својата програма да направи репрограм на минимално потребните средства, кои се неопходни за почнување на постапка за објавување на програмата, согласно Законот за јавните набавки.

3. Се задолжува Министерството за финансии да алоцира парични средства во висина од 60.000.000,00 денари од Буџетот на Република Северна Македонија, во следните две буџетски години за имплементација на ваквите активности.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за дуално образование и ја усвои со заклучок:

- Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии да подготви Предлог - модел на дуално образование и најдоцна во рок од шест месеци да го достави до Владата.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување на Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за привлекување странски инвестиции, Зорица Апостолска, по однос на заклучок по точка 42 од 164-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10.12.2019 година за предлог договорот за доделување на државна помош на Локо транс логистик ДООЕЛ Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува Зорица Апостолска, министер без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, да го потпише предложениот Договор за доделување на државна помош на Локо транс логистик ДООЕЛ Скопје.

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за општо и селективно зголемување на капиталот на Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка со запишување на дополнителни акции од страна на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во оптштествена сопственост, во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата ја донесе Одлуката за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2024 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Радовиш, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за јавните собири, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 77**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на носителите на дипломатски и службени пасоши, со Нацрт - текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт- текстот на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на

носителите на дипломатски и службени пасоши, како основа за почеток за водење на преговорите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да ги достави забелешките на Нацрт- текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на носителите на дипломатски и службени пасоши до азербејџанската страна.

3. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на носителите на дипломатски и службени пасоши.

4. Се овластува Шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на носителите на дипломатски и службени пасоши доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на носителите на дипломатски и службени пасоши.

## Точка 79

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за услови за заемни патувања на државјаните на двете земји, со новиот текст на Нацрт - текстот на Спогодбата на македонски и англиски јазик и го усвои Предлогот со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт- текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за услови за заемни патувања на државјаните на двете земји, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да го достави Нацрт - текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за услови за заемни патувања на државјаните на двете земји на македонски и англиски јазик до азербејџанската страна.

3. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за услови за заемни патувања на државјаните на двете земји.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за услови за заемни патувања на државјаните на двете земји доколку се постигне согласност на преговорите, согласно утврдените насоки.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за услови за заемни патувања на државјаните на двете земји.

**Точка 80**

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Протокол за измени на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за услови за заемни патувања на државјаните на Република Македонија и Руската Федерација (потпишана на 19.6.2008 година), со Нацрт - текст на Протокол и го усвои Предлогот со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Нацрт - текстот на Протоколот за измени на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за услови за заемни патувања на државјаните на Република Македонија и Руската Федерација, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да го достави Нацрт - текстот на Протоколот за измени на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за услови за заемни патувања на државјаните на Република Македонија и Руската Федерација, до руската страна.

3. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Протоколот за измени на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за услови за заемни патувања на државјаните на Република Македонија и Руската Федерација.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Протоколот за измени на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за услови за заемни патувања на државјаните на Република Македонија и Руската Федерација, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Протоколот за измени на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за услови за заемни патувања на државјаните на Република Македонија и Руската Федерација.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за постапување на нотарите по нотарските платни налози за периодот од 2012 година до 2018 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда да изготви предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, во рок од 45 дена.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија", ја усвои Информацијата и го задолжи Министерство за правда –Управа за извршување на санкции, до Владата да достави информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија", во јуни 2020 година.

## Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Андреевски против Република Северна Македонија, А.бр. 45672/17 и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот Андреевски против Република Северна Македонија, А.бр. 45672/17.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантката Ивана Андреевски, во случајот Андреевски против Република Северна Македонија, А.бр. 45672/17, ќе ѝ исплати износ од 3.358 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантката во предметот пред Европскиот суд за човекови права, Андреевски против Република Северна Македонија, А.бр. 45672/17, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација со која ги признава повредите на Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантката да ѝ понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлука на Европскиот суд за човекови права во случајот Наталија Гаданец-Кетикидис против Република Северна Македонија, А.бр.33879/16, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 85

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за правда – Управа за водење на матичните книги, со заклучок текстот на Предлог-одлуката предлагачот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата по однос на добиено Барање од Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Бирото за судски вештачења да направи процена на висината на вложените инвестиции од страна на Полет ДОО Скопје, кој се однесува на вредноста на градежните зафати и вредноста на вложениот машински дел од опремата.

Притоа вклучувајќи ја амортизацијата на истите и воедно да се утврди постоечката состојба по однос на опремата која што била преземена во моментот на давање на објектот под закуп, односно дали истата се уште постои на лице место или недостига и ако недостига концизно да се наведе што недостига и колкава е нејзината/неговата вредност.

2. Се задолжува Државниот санитарен и здравствен инспекторат да изврши детална проверка на основните пропишани норми за квалитет на водата, нејзината

исправност, Ph фактор, вредност на хлор, техничка исправност и начин на одржување и чистење на двата базена.

**Точка 87**

Владата ја донесе Одлуката за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка британска, американска и канадска виза (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 88**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Тајван, во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата ја донесе Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Азербејџан, во предложениот текст.

**Точка 90**

Владата по Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд Скопје 2 – Скопје заклучи:

1. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука за изземање од стопанисување на предметниот простор од АД за стопанисување со стамбен и деловен простор од значење на Републиката.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница.

2. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд Скопје 2 – Скопје, која да се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 91**

Владата го разгледа Барањето на Неџад Корајлиќ за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за образование и наука.

**Точка 92**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 93

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за евиденциите од областа на трудот, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 94

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за волонтерството, по скратена постапка (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 95

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 96**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на труд, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 97**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 98**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за забрана и спречување за вршење на нерегистрирана дејност, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална

политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 99**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за приватните агенции за вработување, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 100**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 101**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за практикантство, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 102

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2020 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рок од пет дена да донесе програма за шестдневен одмор на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за сезона зима 2020 година и процедура за реализација на Проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на летниот распуст во учебната 2019/2020 година.

2. Се задолжува министерот за труд и социјална политика, во рок од седум дена да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, со претставници од Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да објави повик на Јавното радиодифузно претпријатие „Национална Радиотелевизија“ – Скопје, во сите редакции, веб страната на Министерството за труд и социјална политика и во центрите за социјална работа, во декември 2019 година.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика веднаш по објавување на јавниот повик, во рок од пет дена да им укаже на центрите за социјална работа да ги преземаат потребните активности заради ефикасна реализација на овој проект.

5. Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие „Национална Радиотелевизија“ – Скопје, во рок од три дена од денот на добивањето на јавниот повик за Проектот за користење бесплатни услуги за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и корисници на посебен додаток бесплатно да го емитува.

## Точка 103

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2019 година (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 104

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – компјутерски томографи за потребите на ЈЗУ Општа болница Струмица и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија, за наредната седница на Владата.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Информацијата за укинување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство на лековити растенија, трговија, промет и услуги Т.Х.Ц Куалити груоп увоз – извоз Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство на лековити растенија, трговија, промет и услуги Т.Х.Ц Куалити груоп ДООЕЛ увоз-изво Скопје, во предложениот текст.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги Мар медика ДОО увоз-извоз Куманово за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Мар медика ДОО увоз-извоз Куманово, во предложениот текст.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Канбио медикал ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Канбио медикал ДОО Скопје, во предложениот текст.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Информацијата заради давање на согласност за потпишување на Анекс за изменување на поединечниот колективен договор заради зголемување на коефициентите за плата на административните службеници вработени во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски

клиники, завод и ургентен центар Скопје, со текст на Анекс, и ја усвои со следниов заклучок:

Се овластува в.д. директорот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје да го потпише Анексот за изменување на поединечниот колективен договор заради зголемување на коефициентите за плата на административните службеници, почнувајќи со исплата на платата за месец септември 2019 година.

**Точка 109**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – магнетни резонанси за потребите на ЈЗУ Општа болница Прилеп, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Општа болница Охрид, за наредната седница на Владата.

**Точка 110**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи, со текст на Протокол и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, како надлежна институција за имплементирање на Конвенцијата, да ја свика Работната група иницирана со допис бр. 17-6010/1 од 21.8.2018 година, во која што ќе вклучи претставници на Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања и да ја задолжи за изработка на Предлог план на активности за подготовка на постапката за ратификација на Протоколот, со предлог временска рамка за спроведување на Предлог планот, во рок од 30 дена од усвојување на оваа информација.

2. Се задолжува Царинската управа да подготви ГАП анализа на Протоколот за елиминирање на незаконската трговија со тутунски производи во рок од 3 (три) месеци од првиот состанок на работната група од Заклучокот број 1 (еден) и да го достави до Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Царинската управа да подготви Акциски план со временска рамка на имплементација на Протоколот и во рок од 60 дена по изработката на ГАП анализата на Протоколот за елиминирање на незаконската трговија со тутунски производи истиот да го достави до Владата.

**Точка 111**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид, во предложениот текст.

**<u>Точка 112</u>**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ – Битола (нов текст), во предложениот текст.

**<u>Точка 113</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД Димитар Влахов – Струмица, во предложениот текст.

**<u>Точка 114</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод, во предложениот текст.

**<u>Точка 115</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Јавната установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово, во предложениот текст.

**<u>Точка 116</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

**<u>Точка 117</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга, во предложениот текст.

**<u>Точка 118</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

**<u>Точка 119</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 120**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ – Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 121**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ - Битола, во предложениот текст.

**Точка 122**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 123**

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, поради потребата Министерството за финансии, во соработка со Секретаријатот за законодавство да достави заедничко (обединето) мислење по истиот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 124**

Владата го симна од Дневниот ред, Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, имајќи го предвид Известувањето од Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 125**

Владата го разгледа новото Барање објаснување, доставено од Народниот правобранител на Република Северна Македонија во врска со доставените мислења од Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за правда и согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018), заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека забраната за прием на невакцинирани деца во училиштата ги даде резултатите, исполнети се епидемиолошките услови за одјава на епидемијата на мали сипаници на територијата на Републиката, а сите

деца кои се запишани во училиштата се вакцинирани, освен оние кои од здравствени причини (врз основа на соодветна потврда), не примиле вакцина.

Точка 126

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Ристовска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.16541 за КО Штип 1 на КП 4 викано место/улица Герен и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

Точка 127

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111592 за КО Центар 1 на КП бр.10911/1, КП бр.10911/7, КП бр.10911/5 и КП бр.10911/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111582 за КО Центар 1 на КП бр. 10910/31, КП бр. 10910/12 и КП бр. 10910/10 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111593 за КО Центар 1 на КП бр. 10912/5 и КП бр. 10912/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111584 за КО Центар 1 на КП бр. 10902/3 и КП бр. 10902/4, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/8, КП 10913/10, КП бр.10913/12 и КП бр.10913/14 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/1, КП бр. 10914/4 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111580 за КО Центар 1 на КП бр. 10910/9 викано место И.Р.Лола и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

Точка 128

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.865 за КО Радишани на КП бр.1766 викано место/улица ул.1558 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

Точка 129

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.406 за КО Долно Лисиче на КП бр.320/0 место викано Село и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

Точка 130

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Љупчо Јованов, именуван за подрачјето на Основниот суд Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино за Заклучок за определување на застапник, доставен под И.бр. 608/2014, поради потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија да достави мислење по Известувањето, а материјалот претходно да се

разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 131**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) и Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање, И.бр.3547/2019, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достави мислење по Известувањето, а материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 132**

1. Владата го избра Хавзи Емини за независен член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопстеност за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ) АД Скопје, предложен од страна на синдикатот.

2. Владата донесе Решение за формирање Совет за координација на безбедносно - разузнавачката заедница, кој го сочинуваат:

а) претседател
- Зоран Заев-претседател на Владата на Република Северна Македонија

б) членови:
- Садула Дураки - заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,
- Оливер Спасовски - министер за внатрешни работи,
- м-р Радмила Шекеринска Јанковска - министер за одбрана,
- м-р Никола Димитров - министер за надворешни работи,
-Викторио Димовски - директор на Агенцијата за национална безбедност,
- Еролд Муслиу - директор на Агенцијата за разузнавање и
- Горан Василевски - раководител на надлежната организациска единица за воена безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана.

3. Владата го именува Бојан Маричиќ за Национален координатор за интеграција во Европската Унија, Берлински процес и регионална соработка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го именува Марјан Забрчанец за Национален координатор за стратегиски комуникации и за спроведување на комуникациската стратегија на

Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија (-„национален координатор за интеграција во Европската Унија, Берлински процес и регионална соработка- 3,3“ и -„национален координатор за стратегиски комуникации и за спроведување на комуникациската стратегија на Владата на Република Северна Македонија- 3,3“.).

6. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за неизвршен член на Советот на Народна банка на Република Северна Македонија, да го именува Гадаф Реџепи.

7. Владата го именува Самир Ајдини досегашен вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, за директор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови.

8. Владата ја разреши Љубица Јовческа од должноста член на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек, претставник од Министерството за финансии.

8.1. Владата ја именува Маја Аргировска за член на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек, претставник од Министерството за финансии.

9. Владата ја именува Валентина Алексовска за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“, од редот на вработените.

10. Владата од должноста членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, ги разреши:

а) од редот на вработените во органите на државната управа:
- Славјанка Петровска,
- Дарко Каевски,
- Андријана Велевска и
- Ангелина Бачановиќ.

б) на предлог на организациите регистрирани согласно законот за здруженија и фондации:
- Марјан Николов.

10.1. Владата за членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, ги назначи:

а) од редот на вработените во органите на државната управа:
- Јасминка Ангелова од Министерството за внатрешни работи,
- Томислав Андоновски од Агенција за млади и спорт,
-Никица Бачовски од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и
- Ана Петровска од Министерство за здравство

б) на предлог на организациите регистрирани согласно законот за здруженија и фондации:

- Александар Николов од Асоцијација на развојни иницијативи Зенит Скопје.

11. Владата го разреши Слаѓанче Тасков од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче" – Велес, на негово барање.

12. Владата го разреши Недим Рамизи од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Струга.

12.1.Владата го именува Аесат Идризоски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Струга.

13. Владата го разреши Абдула Ќазимоски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Струга.

13.1. Владата го именува Емир Шаќири за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Струга.

14. Владата го разреши Арменд Арслани од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Завод за нефрологија – Струга.

14.1. Владата го именува Рамиз Алиоски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Завод за нефрологија – Струга.

15. Владата го разреши Добре Ефремовски од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.

16.Владата го разреши Ванчо Димитровски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Скопје.

16.1. Владата ја именува Анкица Шетлова Стојменовска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Скопје.

17. Владата од должноста членови на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Кратово, ги разреши:

- Марија Симонова и
- Слаѓана Краљевска.

17.1. Владата за членови на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Кратово, ги именува:

- Ирена Стоилковска,
- Иванка Митевска и
- Стевче Ангеловски.

18. Владата го разреши Јордан Димитриевски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Нада Михајлова“-Пробиштип, поради истек на мандатот за кој е именуван.

18.1. Владата го именува Јордан Димитриевски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Нада Михајлова“-Пробиштип.

19. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Виница, поради истек на мандатот, ги разреши:

- Александар Костадинов и
- Јордан Кацарски.

19.1. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Виница, ги именува:

- Александар Костадинов и
- Јордан Кацарски.

20. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Радовиш, поради истек на мандатот, ги разреши:

- Анета Милева и
- Никола Камчев.

20.1. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Радовиш, ги именува:

- Георги Долдуров и
- Никола Камчев.

21. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип, поради истек на мандатот за кој се именувани, ги разреши:

- Даниел Милевски,
- Билјана Казанџиска и

- Тања Рибарска.

21.1. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип, ги именува:

- Даниел Милевски,
- Билјана Казанџиска и
- Тања Рибарска.

22. Владата ја разреши Билјана Мелева од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Струмица, поради истекот на мандатот за кој е именувана.

22.1. Владата ја именува Билјана Мелева за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Струмица.

23. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопстеност за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ) АД Скопје, за член на Управен одбор на Друштвото да го избере Владко Крстевски.

<u>Точка 133</u>

1. Владата ги донесе:

1) Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и

2) Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложените текстови.

2. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, под број 45-9486/1 од 26 ноември 2019 година.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 2 декември 2019 година до 9 декември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

4. Владата на предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и претседател на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, заклучи:

Согласно доставениот допис од Министерството за информатичко општество и администрација до Секретаријатот за европскиот прашања, под бр. 12/4-4471/1 од 22.11.2019 година, врз основа на Заклучокот од 158-та седница на Владата одржана на 8.10.2019 година, по точка 31, да се продолжи рокот за спроведувањето и доставувањето на функционалната анализа од страна на Секретаријатот за европски прашања до Министерството за информатичко општество и администрација, до средината на јануари 2020 година.

5. Во врска со заклучоците на Владата по повод Информацијата за давање одобрение на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на софтверски лиценци (точка 74), усвоени на 138-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 јуни 2019 година, Владата заклучи истите да се изменат и да гласат:

„ 1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020, 2021 и 2022 година на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за јавна набавка на софтверски лиценци, во вкупна вредност од 900.000.000,00 денари со плаќање во период од три (3) години, со следнава динамика:

- 300.000.000,00 денари во 2020 година,
- 300.000.000,00 денари во 2021 година и
- 300.000.000,00 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.“.

6. Владата го задолжи Министерството за надворешни работи, на предлог на Министерството за внатрешни работи, да подготви и за седницата на Владата што ќе се одржи на 17 декември 2019 година (вторник), да достави Предлог-закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за отворање на заеднички граничен премин Лојане – Миратовац.

**Точка 134**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на хартии од вредност - акции сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - Скопје, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 135**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за степенот на реализација на заклучоците по Информацијата за превентивни мерки кои ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на болеста Африканска чума кај свињите, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи сите институции кои биле вклучени во активностите за преземање на релевантни превентивни мерки во однос на болеста Африканска чума, согласно извадокот од Нацрт записникот од 150 седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 20 август 2019 година, во рок од 15 дена до Владата да доставaт информација во однос на задолженијата, имајќи предвид дека одредени институции не постапиле по донесените заклучоци од Владата.

**Точка 136**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на средства од Програма за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2019 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 137**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со преземените активности за изработка на Акциски план за 2020 година за спроведување на Националната стратегија за млади (2016-2025), како материјал за информирање.

**Точка 138**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2018 година и ИПАРД Програмата (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 139**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за годишните алокации и буџет за одржување и информација за намерите на Владата за исполнување на целта „Подобрување на капацитетите за одржување на патната мрежа и организацијата на националната мрежа", како материјал за информирање.

**Точка 140**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, за Потпрограмата 4А - Плоштад Скендербег (1 јануари - 31 декември 2018 година), како материјал за информирање.

**Точка 141**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, по скратена постапка, го утврди и заклучи, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 142

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектот „Изградба на судница во КПУ - КПД Идризово, Скопје и реконструкција на Затвор Битола“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди потребниот дополнителен износ на задолжително национално кофинансирање за вршење на дополнителните активности за стручен надзор на изградба на судница во КПУ-КПД Идризово и реконструкција на Затвор Битола во буџетот за 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори, по одобрувањето на предлог - амандманот за Договорот за надзор од Управата за извршување на санкциите и Министерството за правда, во најкраток можен рок да го достави Амандманот на Договорот на „ex-ante” одобрување до Делегацијата на Европската Унија.

## Точка 143

Владата ја разгледа Информацијата за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица“, Општина Босилово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица“, Општина Босилово, во предложениот текст.

## Точка 144

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуките за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година (за општините Куманово, Центар, Чаир, Струмица и Свети Николе).

## Точка 145

Владата ја разгледа Информацијата во врска со организирање на две големи европски спортски првенства од страна на Одбојкарска федерација на Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за млади и спорт и Министерството за економија да ги преземат сите неопходни работи и да се координираат со одбојкарската федерација на Република Северна Македонија да се исполнат сите предуслови Република Северна Македонија да биде организатор на овие спортски настани.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт како орган задолжен за спроведување на работи во областа на спортот во директна комуникација со одбојкарската федерацијата, да испрати писмо со намери и поддршка до ЦЕВ и претседателот Александар Боричиќ за организирање на спортските првенства.

3. Владата ќе помогне во обезбедување финансиски, материјални, функционални и просторни услови за работа кон што поуспешна организација што ќе ја претстави државата како достоинствен домаќин за овие врвни спортски натпреварувања.

4. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт во рок од три месеци да ја информира Владата за текот и процесот на организирање на двете големи европски спортски првенства.

## Точка 146

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за пријавување и евиденција на обврски и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот, Министерството за финансии да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за пријавување и евиденција на обврски, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска - Стрезовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 147

Владата ја разгледа Информацијата за финансирање на изградбата на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје со заеми од Банката за развој при Советот на Европа и Европската инвестициона банка и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да достави известување до Банката за развој при Советот на Европа и Европската инвестициона банка дека Владата е подготвена во соработка со двете банки да ги преземе сите потребни активности за исполнување на нивните предуслови за Проектот за изградба на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје.

**Точка 148**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 149**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 150**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.01/19 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

**Точка 151**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.02/19 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

**Точка 152**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.03/19 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

**Точка 153**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.04/19 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

**Точка 154**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 155**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 156**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на договор со Владата на Соединетите Американски Држави за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана, да достави информација до Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија за потребата од склучување на договор со Владата на Соединетите Американски Држави за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, по разгледување на информација од страна на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија, до Владата да достави предлог за склучување на договор со Владата на Соединетите Американски Држави за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија.

**Точка 157**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 158**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ „Наим Фрашери“) Општина Тетово и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на нов

училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ „Наим Фрашери") Општина Тетово и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година и 2021 година на Министерството за образование и наука за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ „Наим Фрашери") Општина Тетово и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на нов училишен објект (за ООУ „Наим Фрашери") во КО Мала Речица, Општина Тетово во вкупна вредност од 80.900.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 5.000.000 денари во 2020 година и
- 75.900.000 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните средства за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ „Наим Фрашери") Општина Тетово и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ „Наим Фрашери") Општина Тетово да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година и 2021 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и 2021 година.

**Точка 159**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на: повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект ПУ во с.Долно Блаце и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на нов училишен објект ПУ во с.Долно Блаце, Општина Чучер Сандево и ја усвои со следниот заклучок:

- Се дава одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на:

-повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект ПУ во с.Долно Блаце и
-повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на нов училишен објект ПУ во с.Долно Блаце, Општина Чучер Сандево,
во вкупна вредност на наведените јавни набавки од 12.400.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 5.000.000 денари во 2020 година и
- 7.400.000 денари во 2021 година.

**Точка 160**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Законот за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во

траен влог во ДПП со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп, со текст на договори и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на органите на управување на Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп врз основа на Записникот за усогласување на состојбата бр.27-4987 од 26.11.2019 година и процената на вредноста на капиталот да свикаат Собрание на акционери на друштвото за зголемување на основната главнина на Друштвото за износот на побарувањата кои се утврдени во Записникот и кои треба да се претворат во влог.

2. Го усвои текстот на Договорот за отстапување на побарување (цесија) со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, текстот на Договорот за отстапување на побарување со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (цесија) и текстот на Договорот за отстапување на побарување без надомест со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

3. Се овластува министерот за труд и социјална политика, во име на Владата на Република Северна Македонија, по донесување на одлука од Собранието на акционери за зголемување на основната главнина, а пред уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар, да ги потпише Договорот за отстапување на побарување (цесија) во својство на примач на побарувањето со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија со кој должникот се согласил со потпис на Договорот и Договорот за отстапување на побарување без надомест со Агенција за вработување на Република Северна Македонија, во својство на отстапувачи на побарувањата.

4. Се овластува министерот за здравство, во име на Владата на Република Северна Македонија, по донесување на одлука од Собранието на акционери за зголемување на основната главнина, а пред уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар, да го потпише Договорот за отстапување на побарување (цесија), во својство на примач на побарувањето, со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

5. Се препорачува на директорите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да ги склучат договорите за цесија со Владата на Република Северна Македонија, по донесување на одлука од Собранието на акционери за зголемување на основната главнина, а пред уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар, кои се предмет на оваа информација.

**<u>Точка 161</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за усвојување на Меморандум за соработка/разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Евроатлантскиот центар за координација на одговор при катастрофи (EADRCC) за

спроведување/реализација на здружена вежба (Северна Македонија 2020), со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка/разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Евроатлантскиот центар за координација на одговор при катастрофи (EADRCC) за спроведување/реализација на здружена вежба („Северна Македонија 2020“).

2. Се овластува м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за соработка/разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Евроатлантскиот центар за координација на одговор при катастрофи (EADRCC) за спроведување/реализација на здружена вежба („Северна Македонија 2020“).

**Точка 162**

Владата ја разгледа Доставената понуда за деловен простор на Државната комисија за спречување на корупцијата и заклучи да се подготви и до Владата да се достави соодветна Предлог-одлука усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 163**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на новиот Колективен договор за културата, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за култура да ги продолжи преговорите во рамките на обезбедените буџетски средства за 2020 година и да продолжи со инсистирањето на изедначување на дејностите во областа на културата на принципиелно ниво во своите институции и во споредба со нивото на образование со другите административни сектори.

**Точка 164**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид, заради склучување Анекс бр.4 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид, со Предлог – закон, по скратена постапка и текст на Анекс бр.4 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево - Охрид, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски

2. Го прифати текстот на Анекс бр.4 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited.

3. Се овластуваат Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Анексот бр.4 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид бр.08-9012/1 од 12.11.2013 година, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited, по донесување на Законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево Охрид и објавување на истиот во Службен весник на Република Северна Македонија.

## Точка 165

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од преземање на мерки и активности поврзани со Каталогот на услуги и Националниот портал за електронски услуги и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука да задолжат по еден преведувач на албански јазик и еден на англиски јазик од редот на вработените заради обезбедување стручна поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација при превод на содржините во Каталогот на услуги и Националниот портал за електронски услуги кои произлегуваат од нивната ресорна надлежност.
2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за правда – Управа за водење на матичните книги, Државен архив на Република Северна Македонија, Државниот инспекторат за животна средина, Државниот инспекторат за земјоделство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот управен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за правда – Управа за извршување на санкции, Министерството за

финансии – Царинска управа во рок од три дена сметано од денот на усвојувањето на оваа информација да донесат решенија за определување на верификатори на процеси за обезбедување на електронски услуги и решението да го достават до Министерството за информатичко општество и администрација најдоцна во рок од пет дена сметано од денот на усвојувањето на оваа информација.

3. Се препорачува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за лекови и медицински средства, Државниот завод за индустриска сопственост, Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, Јавната установа Центар за образование на возрасните, Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија", Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата за пошти, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Агенцијата за филм, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Дирекцијата за заштита на личните податоци, Дирекцијата за радијациона сигурност, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, во рок од три дена сметано од денот на усвојувањето на оваа информација да донесат решенија за определување на верификатори на процеси за обезбедување на електронски услуги и решението да го достават до Министерството за информатичко општество и администрација најдоцна во рок од пет дена сметано од денот на усвојувањето на оваа информација.

4. Се препорачува единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија во рок од три дена, сметано од денот на усвојувањето на оваа информација да донесат решенија за определување на посредници за административни услуги по електронски пат заради регистрација на физички лица во Системот за единствена најава (СЕН) и решението да го достават до Министерството за информатичко општество и администрација, најдоцна во рок од пет дена сметано од денот на усвојувањето на оваа информација.

## Точка 166

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со реализацијата на Проектот – Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека за наредната седница на Владата.

## Точка 167

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог - одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година.

## Точка 168

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, со текст на Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, ја усвои и го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година .

## Точка 169

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанок на користење на еднократно пакување и пластика во органите на државната управа и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија при идните набавките за потребите на Претседателот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, министерствата и органите во состав, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и другите стручни служби на Владата на Република Северна Македонија и Уставниот суд на Република Северна Македонија да не набавува вода и други пијалаци во пластична амбалажа, како и пакувања на шеќер, пластични лажички за мешање на кафе и други пијалаци, пластични сламки, пластични чаши и прибор за еднократна употреба. Наместо набавка на вода во пластични шишиња, да се набавува вода во стаклени шишиња, пакуваните шеќерчиња да се заменат со рефус шеќер кој ќе се сервира во соодветни садови за многукратна употреба и ќе се користат метални лажички наместо пластичните за една употреба, а пластичните сламки и пластични чаши да се изостават од набавките, освен кога се работи за теренски активности/надвор од институциите.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и сите министерства и органи во состав, секретаријати и други стручни служби на Владата на Република Северна Македонија кои непосредно набавуваат за свои потреби некои од наведените производи, при објавување на идните повици за јавни набавки да постават услов дека нема да се склучи јавната набавка доколку производителот не докаже дека, најмалку за тековната година, ги спровел во целост обврските за проширена одговорност согласно со прописите за посебните текови на отпад и задолжително во понудата да се доставува и „Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпад од пакување“, односно „Потврда за склучен договор за преземање на обврска за постапување со отпадна опрема која е основа за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадна опрема“ или соодветно „Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори“.

## Точка 170

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 171**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за отворање на заеднички граничен премин Лојане-Миратовец, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Љуфтим Спахиу, директор во Министерството за надворешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 172**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 173**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година (усогласен со Секретаријатот за законодавство), во предложениот текст.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16.00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |